Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-77/1
08.04.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-839/1 од 05.12.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, вонреден професор на Факултет за безбедност – Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против [redacted] и членови на Советот, при Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, за извршена дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] и членови на Советот при Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола кон [redacted] од Скопје, вонреден професор на Факултет за безбедност - Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка бр. 08-839/1 од 05.12.2023 година, од [redacted] од Скопје, вонреден професор на Факултет за безбедност – Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] и членови на Советот при Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола.

Во претставката подносителката наведува дека со истата во прилог доставува нови аргументи дека врз неа се врши дискриминација. Имено, таа наведува дека имала потпишано Изјава за одржување на настава на Втор циклус студии по предметот "Разузнавање и Контраразузнавање" кај Студиска програма (во понатамошниот текст: СП) Криминалистика, СП Безбедност 60 кредити и СП Безбедност 120 кредити. И покрај потпишаната изјава, според наводите на подносителката, во Комисија за наведениот предмет била определена нејзина колешка, професорка на Факултетот.
Понатаму наведува дека на работниот состанок на Наставничкиот Совет одржан на ден 15.11.2023 година, во точка 7 – Донесување на предлог одлука за покриеност на настава на Втор циклус студии во академската 2023/2024 година, [redacted] членовите на Советот не го почитувале Изборот кој секој предметен наставник го имал на матичната катедра за избор; не го почитувале изборот во одредена научна област и не ги почитувале изјавите кои предметните наставници ги потпишале за одржување настава за наставните предмети во секоја студиска програма – Елаборат на Втор циклус студии.

Советот на Втор циклус студии не го почитувал нејзиниот избор во член на Катедра за безбедносни науки и Безбедност во приватен сектор; понатаму не го почитувал нејзиниот избор во две наставно научни области – Друго – Безбедност во приватен сектор (51610) и Друго – Безбедносни науки (51610) и не биле почитувани изјавите кои таа ги потпишала за предметот "Разузнавање и Контраразузнавање" кај СП Криминалистика, СП Безбедност 60 кредити и СП Безбедност 120 кредити. Овој предмет според подносителката бил задолжителен предмет во зимскиот семестар. Со новата предлог одлука за покриеност на настава на Втор циклус студии, Советот за Втор циклус студии според подностелката – ја оставил без предмет во зимскиот семестар.

На 12.12.2023 година Комисијата достави до подносителката Барање број 08-839/2 за доуредување на претставката, согласно член 24 став (1) и став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација и побара да ја доуреди истата така што ќе достави податоци за дискриминаторската основа црпена од член 5 од наведениот закон и да достави податоци за тоа - какви последици по подносителката има одлуката на Наставно-научниот совет (финансиски и слично). По ова на 13.12.2023 година преку електронски пат подносителката достави Дополнување на претставката број 08-839/3 во кое наведува дека според неа сторена е повреда на Начелото на еднаквост од член 4 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, при тоа наведувајќи дека таа е постојано предмет на дискриминација на Факултетот и дека постојано и се ограничува или ускратува користење на одредено право. Посочува дека [redacted] и членовите на Советот за Втор циклус студии сториле повреда на Начелото на еднаквост и правичност и истите го злоупотребиле својот статус и авторитет на работниот состанок на Советот на Втор циклус студии одржан на 15.11.2023 година. Наведен дека бара да се почитува изборот кој секој предметен наставник го има на матичната катедра за избор, да се почитува изборот во одредена научна област и да се почитува изјавите кои предметните наставници ги потпишале за одржување на настава за секоја студиска програма – Елаборат на Втор циклус студии. Посочува дека на Факултетот сите вработени биле редовни професори и остварувале приход поголем од нејзиниот со оглед да таа била вработена како вонреден професор. Воедно наведува и дека за одржување на настава на Втор циклус студии се остварува финансиски приход според бројот на наставни предмети за кои се одржува настава во зимскиот и летниот семестар. Во академската 2022/2023 година и биле доделени 4 наставни предмети на Втор циклус студии наместо пет, а во тековната не и бил доделен ниту еден предмет на студиската програма Безбедност 60 кредити.

Воедно подносителката со дополнување на претставката 08-41/3 извести дека на факултетот била во тек постапка за избор на декан, а со дополнување бр 08-41/4 извести дека и таа поднела кандидатура за избор за декан и дека доставила Програма за избор, извести за изборот на декан, воедно дека таа добила 2 гласа во постапката за гласање и со жалење констатира дека се земаат предвид други критериуми при избор. Исто така посочи дека трудот кој таа го напишала за Субверзивни активности на разузнавачката служба добил негативна рецензија.

На 04.01.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави Барање број 08-41/1 до Факултет за безбедност – Скопје заради добивање на произнесување по наводи во претставката. На 26.01.2024 година во Комисијата е пристигнат Одговор бр. 03-27/3 од 25.01.2024 година на Факултет за безбедност – Скопје, заведен под број 08-41/6.

Во Одговорот од факултетот се наведува дека претставката поднесена од вонреден [redacted] е неоснована, нејасна, контрадикторна и без докази. По однос на наводот кој се однесува на предметна комисија по наставен предмет Разузнавање и контраразузнавање на Втор циклус студии, Наставно – научниот совет посочува дека согласно член 108 став (1) од Закон за високо образование "Органи на факултетот се наставно-научен совет, декан и деканска управа." Согласно член 109 став (1) од истиот закон "Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови." Понатаму, се наведува дека согласно


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

член 23 став (1) и (2) од Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, 2023 година "Наставата во вториот циклус на студии за секој предмет поодделно ја реализира предметна комисија во состав од два наставници, од кои првиот од иста, а вториот од иста или сродна област во која припаѓа соодветниот предмет. Одлука за составот на комисијата, на предлог на советот за втор циклус студии на единицата, носи наставно-научниот/наставничкиот/научниот совет на единицата". Предметните Комисии во Одлука бр. 08-688 од 27.11.2023 година за покриеност на настава за втор циклус на студии за академската 2023/2024 година донесена од Наставно-научен совет, биле составени од наставници кои ги исполнуваат критериумите од член 23 од наведениот Правилник. Наставно-научниот совет како и секоја академска година, донел ваква Одлука за покриеност на настава која важела само за тековната академска година.

Во врска со наводите за постапката за издавање на учебник [redacted] второ дополнето издание од вонреден [redacted], се наведува дека постапката била навремено отпочната, но се одолговлекувала поради постоење на објективен фактор – откажување на еден од рецензентите на изданието.

По однос на наводите во претставката поврзани со постапката за избор на декан, се наведува дека истата се спровела јавно и транспарентно, а самото гласање било тајно како е предвидено со член 110 став (1) алинеја 3 од Закон за високото образование согласно кој "Наставно-научниот совет на факултетот – избира декан на факултетот и му ја доставува Одлуката за избор на сенатот за потврдување" и член 110 ставовите (4) и (5) од овој закон согласно кои: "(4) За работите од став 1 алинеи 1, 3, 4 5 и 7 на овој член советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот. (5) За избор и разрешување на декан, продекан и за избор на сенатори Наставничкиот совет одлучува со тајно гласање." По однос на тоа кој за кого гласал, во одговорот се наведува дека во поднесената претставка од страна на подносителката биле изнесени претпоставки. Присутните членови на Наставно-научниот совет по завршеното гласање едногласно го усвоиле Извештајот бр. 02-734/2 од 22.12.2023 година од спроведеното тајно гласање за избор на декан, донесен од Изборната комисија па согласно позитивните прописи на универзитетот, одлуката за избор на декан била потврдена со Одлука на Универзитетски сенат бр. 14-1499/3 од 28.12.2023 година.

На крајот од одговорот се наведува дека во врска со наводите за наставата на Втор циклус студии и наводите во врска со постапката за избор на декан, претставка била поднесена и до Државен просветен инспекторат за што на 15.02.2024 година во просториите на факултетот бил одржан вонреден инспекциски надзор по што е донесен Записник дека не се констатирани неправилности во двете постапки.

На 15.01.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со Допис број 08-77/1 до Државниот просветен инспекторат заради потребата од добивање на произнесување и евентуално постапување врз основа на наводите изнесени во претставката на подносителката [redacted]. На 30.01.2024 година до Комисијата се доставени податоци со Допис бр. 08-95/1 од 24.01.2024 година на Државен просветен инспекторат со кој Комисијата е известена дека како резултат на поднесената претставка и Барање од Комисијата, од страна на инспекторатот на 15.01.2024 година е извршен вонреден инспекциски надзор во Факултет за безбедност – Скопје за што е сочинет Записник бр 09-1227 од 18.01.2024 година во кој е констатирано следното:

Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје донел Одлука бр 08-688/12 од 27.11.2023 година за покриеност на настава за Втор циклус на студии за академска 2023/2024 година и истата била донесена во согласност со член 110 од Закон за високо образование и Предлог – одлука за покриеност на настава бр. 08-649/6 на Совет на Втор циклус студии. Воедно распределбата на предметите била согласно предлозите и гласањето на Наставно-научниот совет.

Вонредниот [redacted] имала дадено предлог, но истиот бил изгласан со 8 (осум) гласа ЗА од вкупно 18 присутни членови на Наставно-научниот совет, односно 10 наставници гласале против овој предлог за влез во комисија за предмет "Разузнавање и контраразузнавање."
Во однос на постапката за избор на декан на Факултет за безбедност – Скопје се наведува дека на 27.11.2023 година Наставно-научниот совет на факултетот донел Одлука бр. 08-688/3 од 27.11.2023 година за започнување на постапка за избор на декан за мандатен период јуни 2024 – јуни 2027 година и формирање на комисија за спроведување на избор. На 15.12.2023 година до членовите на Наставно-научен совет доставен бил Извештај бр. 02-734/1 за доставени кандидатури/пријави за декан и програми за работа на кандидатите за декан. Пријавени биле 3 (тројца) кандидати, и тоа вонреден [redacted] На 22.12.2023 година Наставно-научен совет донел Одлука бр. 08-749/2 за исполнетост на општи и посебни услови на пријавените кандидати. На 22.12.2023 година до членовите на Наставно-научен совет изборната комисија доставила Извештај бр. 02-734/2 за спроведено тајно гласање за избор на декан на факултетот. Во извештајот се наведува дека од вкупно 28 членови на Наставно-научен совет со право на глас на седницата присуствувале 28 членови, од кои важечки биле 25 ливчиња, и тоа за кандидат [redacted] гласале 2 членови, за ред. проф [redacted] вкупно 17 членови и за ред. [redacted] гласале 6 члена. Согласно наведеното ред. [redacted] го добил потребното мнозинство гласови за избор на декан поради што на 22.12.2023 година Наставно-научен совет има донесено Одлука бр. 08-749/3 за избор за декан која е потврдена со Одлука бр. 14-1499/3 од 28.12.2023 година на Универзитетски сенат на Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола. Наведеното е согласно член 110 став (1) алинеја 3, став (5), член 115 и член 94 точка 19 од Закон за високо образование поради што како неосновани се сметаат наводите во поднесената претставка за заштита од дискриминација.
На крај во Записникот се наведува дека неосновани се наводите за злоупотреба на статутот и авторитетот во однос на Одлуката на Наставно-научен совет на факултетот за покриеност на настава за академска 2023/2024 година за предмет "Разузнавање и Контраразузнавање" па се наведува дека на факултетот се почитува изборот на катедра и изборот во одредена научна област.

На 15.01.2024 година Комисијата исто така со Допис бр. 08-77/2 се обрати до Министерство за образование и наука заради потребата од добивање на произнесување по прашањето предмет на претставката. По ова во Комисијата на 21.02.2024 година пристигнато е Произнесување бр. 18-978/3 од 12.02.2024 година на министерството во кое оваа институција укажува дека согласно член 16 став (1) и став (2) од Закон за високо образование "Основен акт на високообразовната установа е Статутот со кој поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност". Согласно член 7 став (2) и став (5) од истиот закон, "високообразовните установи ја вршат својата дејност врз начелото на академска автономија која вклучува академска слобода, автономија на управувањето, неповредливост на просторот, финансиска автономија, кадровска автономија и неприкосновеност на автономијата". Согласно член 8 став (1) од истиот закон, "академската слобода им припаѓа на сите членови на академската заедница." Согласно член 9 став (1) точка 1, точка 2 и точка 3 од законот, "автономијата во управувањето со високообразовни установи се изразува во: планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност, воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација, донесување на статутот и други општи акти на високообразовната установа. Сите спорови кои ќе произлезат меѓу членовите на академската заедница се решаваат спогодбено, во заедничките органи и на друг начин на разбирање, во спротивно се решаваат по судски пат." Се наведува дека "високообразовните установи имаат неприкосновено законско право во планирањето и организирање на начинот на изведувањето на наставата во дејноста високо образование, организирањето на студии според акредитирани студиски програми, автономност и

слобода во изведување на наставата и избор на метод на интерпретирање на наставните содржини."

На 27.02.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави Барање бр 08-77/7 за вршење на увид и остварување на службен разговор во просториите на Факултет за безбедност – Скопје па го најави истиот за на 01.03.2024 година. По ова на 12.03.2024 година составен е Записник за извршен увид на 01.03.2024 година во кој врз основа на остварениот разговор е констатирано дека на подносителката на претставката вонреден [redacted] на факултетот, од страна на факултетската управа и е овозможено уживање на сите права кои и следат како вонреден професор, на еднаква основа со останатите професори, соодветно на бројот на предметите за кој исклучиво бил надлежен Наставно-научниот совет кој согласно законските прописи уживал целосна автономија.

По ова на 15.03.2024 година во Комисијата е пристигнат Допис - Појаснување бр. 03-27/6 од 11.03.2024 година од Факултет за безбедност – Скопје во кој се наведува дека за вработените во високото образование важи Законот за високото образование. Во член 140 од овој закон е наведена содржината на студиските програми, во ставот (1) таксативно е наведено што најмалку треба да содржи една студиска програма, во ставот (2) е уредено дека содржината на студиските програми подетално се регулира со Правилник за содржината на студиските програми кој го донесува Националниот совет за високо образование. Се посочува дека **Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма не е правно регулирана во Закон за високото образование**, а во подзаконските акти од оваа област изјавата е само наведена како елемент на елаборатот, без да биде предвидено обврзувачко дејствие за било која страна.
Понатаму, се наведува дека согласно член 161 став (10) "Лицето избрано во наставно – научно, наставно и научно звање **во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на Втор циклус на студии,** на еден или повеќе универзитети". Со наведената одредба, долната граница за предавања по наставни предмети по семестар не е утврдена. Воедно се посочува дека не смее да се занемари член 23 став (1) од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола 2023 година "Наставата во вториот циклус на студии за секој предмет поодделно ја реализира предметна комисија во состав од два наставници, од кои првиот од иста, а вториот од иста или сродна област во која припаѓа соодветниот предмет. Одлука за составот на комисијата, на предлог на Советот за втор циклус студии на единицата носи Наставно–научниот совет на единицата." Наведеното пак е во согласност со член 110 став (1) алинеја 10 од Закон за високото образование согласно кој "Наставно-научниот совет на факултетот донесува Одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година". Став (2) од овој член уредува дека "Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови". Се укажува дека [redacted] е вклучена во одржување на настава на сите три циклуси на студии. Конкретно, на прв циклус именуваната е ангажирана со четири предмети во зимски и четири предмети во летен семестар. На втор циклус студии е ангажирана со четири наставни предмети во летен семестар, а на трет циклус студии е ангажирана со три предмети во летен семестар. Доколку се направи анализа според наведеното, вонреден [redacted] била многу повеќе определувана да одржува настава споредено со други наставници избрани со звање редовен или вонреден професор, а одредени професори не биле воопшто ангажирани на трет циклус студии.
Понатаму се наведува дека по однос на наводот на именуваната дека е дискриминирана по основ дека не е член во комисии, работни тела и групи на факултетот, кон Појаснувањето доставени се

одлуки во фотокопие согласно кои именуваната била член во повеќе комисии, а како е наведено во појаснувањето – повеќе комисии споредено со други колеги – професори.

Согласно сето погоре изнесено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не се исполнети обележјата на акт на дискриминација врз подносителката - вонреден [redacted] од Скопје сторена од страна на Факултет за безбедност – Скопје, по основ на лично својство во областа на работата и работните односи, и тоа онака како е таа опишана во член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, односно "*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други",* Имено подносителката на претставката не стори веројатно дека врз неа е сторена дискриминација поради одредено нејзино лично својство, а заради кое не и е овозможено уживање на права од работен однос на еднаква основа со останатите професори на Факултет за безбедност – Скопје.

Врз основа на сето наведено, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
25.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Факултет за безбедност – Скопје, ул. "1" Колонија – Идризово, бр. 2 А, Скопје
- Архива на КСЗД